# Преглед на пазарите

22.05.2023-26.05.2023

- **САД**

Во текот на неделата инвеститорите останаа воздржани поради очекување на резултатот од преговорите за долгот на САД, односно за поместување на неговата горна граница. Најголем раст забележа индексот Nasdaq, кој од почетокот на годината оствари раст од 23,97% за разлика од индексот Dow Jones кој е намален за 0,16% за истиот период. Неделава значаен настан беше и растот на цената на акцијата на Nvidia која по објавата на кварталните резултати порасна за 24% со што достигна пазарна капитализација од 963 милијарди долари. Со тоа Nvidia стана шеста компанија во светот по пазарна капитализација. Акциите на компанијата пораснаа поради повисоките маржи и поголемата остварена добивка од очекуваното, но и поради големите очекувања за идниот квартал.

Преговорите за зголемување на нивото на долгот продолжија, меѓутоа на почетокот на неделата пазарите се намалија како резултат на нивниот слаб напредок. Во четвртокот, извештајот на Федералните резерви покажа дека државната сметка се намалила за 18,9 милијарди и во средата имаше близу 50 милијарди долари. Во петокот, растот на индексите беше ограничен од обесхрабрувачките податоци за инфлацијата. Базичната лична потрошувачка порасна за 0,4% што е над очекувањата за април, додека на годишно ниво растот е 4,7% што укажува дека нема значаен исчекор во поглед на смирување на инфлациските притисоци. Во меѓувреме, Министерството за трговија на САД објави раст на личната потрошувачка од 0,8% што е двојно над првичните очекувања и се должи главно на растот и потрошувачка на добра и на услуги. Силната потрошувачка истовремено ги зголеми очекувањата за раст на каматните стапки. Со тоа приносот на едно месечен запис порасна на 6,02% кон крајот на неделата, што е највисоко ниво од 2001 година.

- **Европа**

Индексите во Европа се намалија како резултат на влошување на изгледите на економиите и непредвидливоста околу преговорите за долгот на САД. Индексот STOXX Europe 600 ја заврши неделата со намалување од 1,59%. Останатите индекси исто така

оствариja пад- индексот DAX се намали за 1,79%, францускиот CAC 40 за 2,31% а италијанскиот FTSE MIB за 2,93%.

Приносите на државните обврзници пораснаа поради очекувањата за раст на инфлацијата. Германската 10 годишна државна обврзница имаше принос над 2,5%, а раст на приносот беше забележан и кај шпанската и португалската државна обврзница со иста рочност. Во Велика Британија, приносот на 10 годишна државна обврзница порасна за околу 4,3%, што беше резултат на податоците кои покажаа силен и упорен раст на базичната инфлација.

Дополнително негативно за пазарите беше и објавата за рецесија во Германија. Имено, БДП за првиот квартал од 2023 година се намали за 0,3% и 0,5% во последниот квартал од 2022 година. Од друга страна, PMI индексот покажа подобрување на економските изгледи, со раст на производството на бизнисите веќе петти месец по ред заклучно со мај годинава. Неизвесноста останува присутна и голема, особено при висока инфлацијата која е над таргетот на Европската централна банка.

## Азија

Во Јапонија, берзите продолжија да растат достигнувајќи 33 годишен максимум. Индексот Nikkei 225 ја заврши неделата блиску до 31,000 индексни поени што е највисоко ниво од јули 1990 година до сега. Производството во Јапонија порасна месецов по забележаниот пад изминатите месеци. Силен раст забележа и секторот на услуги, што е резултат на враќање на домашниот и меѓународниот туризам. Јенот во однос на доларот се намали на 139 јени за долар и е на шестмесечен минимум.

Вредноста на акциите во Кина паѓаше неделава. Индексот CSI 300 се намали за 2,4% што е најголем пад од крајот на март со што го изгуби и целиот раст за оваа година. Исто така, пад забележа и индексот Hang Seng, кој ја проби психолошката граница од 19.000 индексни поени и падна на најниско ниво од декември 2022 година. Послабиот раст од очекуваниот на индустриското производство, малопродажбата и инвестициите во фиксни средства за април 2023 година беа причина за намалување на оптимизмот на берзите во Кина. Приносот на кинеската 10 годишна обврзница се намали на најниско ниво во последните шест месеци и изнесува околу 2,7%. Исто така, врз сентиментот на инвеститорите негативно влијание имаше и најавата за забрана на увоз на чипови од американскиот производител Micron.